**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИЗБРАНИТЕ ФОРУМСКИ ПРИОРИТЕТИ КОИ СТАНАА ДЕЛОД ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА 2024 Г.**

**Од 40 –те приоритети рангирани на 4 форумска сесија минатата година кои станаа дел од буџетските програми на општината за 2024 година:**

1. **Целосно се реализирани 19 проекти или 47,50 %**
2. **Во фаза на реализација се 11проекти или 27,50%**
3. **Делумно се реализирани 2 проекти или 5 %**
4. **Не се реализирани 8 проекти или 20 %**

| Бр. | име на проект | Буџет | Статус Состојба30.09.2024г. |
|---|---|---|---|
| 1 | Подобра регулација на сообраќајот кај клучката “Балкан” (да не се паркираат автомобили на почетокот на улица 8ми Октомври). | Буџетска ставка J6426990 (1200 000,00 ден) | Проектот е реализиран: Има сообраќаен проект за режим на сообраќај на главната улица по целата должина со соодветна сооб. сигнализација За почитување на истата надлежноста е на МВР-сооб.полиција |
| 2 | Маалските улици да бидат обележани со испрекината линија со место за паркирање само од едната страна, таму каде согласно сообраќајните елаборати има можност. | Буџетска ставка J6426990 (1200 000,00 ден) | Проектот е во тек на реализација:За дел од маалските улици се изработија сообраќајни проекти и поставена е сооб.сигнализација |
| 3 | Поголема сообраќајна сигнализација кај “Карчо” | Буџетска ставка J6426990 (1200 000,00 ден) | Проектот е реализиран |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Поголема безбедност за пешаците со поставување на сообраќајна сигнализација. | Буџетска ставка J6426990 (1200 000,00 ден) | Проектот е реализиран: Сообраќајната сигнализација е поставена согласно сообраќајни проекти |
| 5 | Едукација за селекција на отпад. | Донаторски средства | Проектот не е реализиран бидејќи не се обезбедија донаторски средства |
| 6 | Санкции | Без буџетски импликации | Општинските инспекциски служби вклучително и комуналните редари постојано се на терен со цел да се делува превентивно и со опомени пред да се пристапи кон построги санкционирања, и напорите вродуваат со плод.<br>Општина Крива Паланка е со право најчистата и најзелена општина, град во државата. |
| 7 | Комуналните инспектори почесто и ригорозно да ја вршат својата работа.<br>Компании овластени за таа дејност. | Без буџетски импликации | Проектот е реализиран |
| 8 | Да се дислоцира депонијата | Буџет /донатор-СИПР | Проектот е во тек на реализација:Се работи во рамки на проектот / СИПР на регионалната депонија која треба да биде заедничка со Источниот плански регион, тука како општина неможеме да влијаеме на динамиката . |
| 9 | Да се работи на преземање електричен отпад и негово рециклирање од страна на компании овластени за таа дејност. | Без буџетски импликации | Проектот е реализиран |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Поставување на дигитални модули кај системите за наводнување. | 600.000,00 ден. | Проектот не е реализиран |
| 11 | Дислокација на контејнерите од пред ЛУГМ. | Без буџетски импликации | Проектот е реализиран |
| 12 | Хортикултурно уредување на просторот околу Кадиска чешма. | 100 000,00 ден. | Проектот е во тек на реализација:Аплицирано до програмата на УНДП и во тек се подготовки за реализација |
| 13 | Наместо контејнери да се субвенционираат канти за домакинства. | 1 600 000,00 ден. | Проектот не е реализиран |
| 14 | Локација за нова станбена зграда за домување | 750 000,00 мкд | Проектот е реализиран |
| 15 | Паркет во спортската сала | донаторски средства | Проектот не е реализиран Спортската сала кај спортскиот комплекс има соодветна подлога според проект |
| 16 | Греење во спортската сала | донаторски средства | Проектот не е реализиран |
| 17 | Изградба на трибини-стадион | донаторски средства | Проектот е во тек на реализација:Аплицирано за средства и се очекува одобрување |
| 18 | Реконструкција на игралиштето на Калин Камен | 1 000 000,00 ден | Проектот е во тек на реализација:Предвидено со развојна програма за урбана опрема |
| 19 | Реконструкција на просторијата за спортисти кај спортски стадион. | донаторски средства | Проектот е во тек на реализација:Аплицирано е за реконструкција на зграда-соблекувални |
| 20 | Реконструкција и активирањенаградскиот базен | концесионер | Проектот е реализиран |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | Субвенционирање<br>-превоз на ученици и студенти, | 70000,00 ден | Проектот е реализиран |
| 22 | Програма за волонтерство -да се врати во општеството. | 60 000,00 ден | Проектот е реализиран |
| 23 | Субвенционирање<br>-компјутерска опрема | 300 000,00 ден | Проектот е реализиран |
| 24 | За социјално тешки ранливи категории на граѓани и семејства програма за вработување или сезонска работа-ангажирање. | 800 000,00 ден | Проектот е реализиран |
| 25 | Мапирање на велосипедски рути. | 5000,00 ден | Проектот не е реализиран |
| 26 | Организирање на театарски претстави за одбележување на денот на детето 20-ти Ноември (од страна на младите со поддршка од општината). | 30000,00 мкд | Проектот не е реализиран<br><br>Нема иницијатива, во моментот се формира Локален младински совет, па ќе се види дали ќе има интерес и можност за реализација на активноста до датумот |
| 27 | Поддршка на локалното издаваштво. | 100 000,00 мкд | Проектот е реализиран |
| 28 | Набавка на монтажна бина | Буџет на ЛУГМ | Проектот е реализиран |
| 29 | Изложба на ракотворби. | 60 000,00 мкд | Проектот е реализиран |
| 30 | Објава на програмата на Tripadvisor. | Без буџетски импликации | Проектот е реализиран |
| 31 | Реконструкција на оштетената патна инфраструктура од елементарните непогоди, одливни канали, потпорни стени<br>( свлечиште на пристапот до саат и улица Калин Камен ) | ЈПДП | Проектот е делумнореализиран::Санација на свлечиштето е обврска на ЈПДП , патна инфраструктура е делумно санирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 32 | Поставување на соодветен пристап на клучката од 4-те згради во населба Бавчалк кон мостот со 5-те згради од спротивната страна на реката и мостот Бегови бавчи кон пролетер, пешачкиот мост кај гимназијата) | 100 000,00 ден | Проектот не е реализиран<br>Мостовите се само делумно санирани за нормално функционирање |
| 33 | Асвалтирање на ул. Климент Охридски од Болничка ливада-резервар (проценета должина 100 m). | 1 000 000,00 ден | Проектот е во тек на реализација:Предвидено е со развојната програма за улици и патишта |
| 34 | Редовно одржување на канализациона мрежа (шахти, отпусни канали-пропусти –кај болница, -кај пролетер и други места во градот- атмосферска вода. | 20 000 000,00 ден | Проектот е реализиран<br>Преку ЈП Комуналец -редовно се одржуваат |
| 35 | Позачестени анализи на водата за пиење. | Буџет ЈП Комуналец | Проектот е реализиран<br>Заклучно со месец октомври се земени 20 физ. хемиски и 20 микробиолошки анализи како и една периодична анализа. Периодичната анализа опфаќа голема физичко – хемиска анализа, бактериолошка, паразитолошка, радиоактивност и присуство на пестициди.<br>Сите земени мостри за анализа на вода за пиење одговараат на законските и стручни прописи по Правилникот за безбедност на водата за пиење („Сл.весник“на РСМ,бр.183од 2018 год.) Крива Паланка е во групата на градови со висок квалитет на водата за пиење. |
| 36 | Проектирање Решавање на проблемот со колекторот/канализацијата кај големиот мост кај Мизовски ливади поради непријатната миризба. | МЖСПП<br>5.500 000,00 ден | Проектот е во тек на реализација:Се работи на проблемот но поради комплексноста на истиот, реализацијата ќе биде во повеќе фази, во моментот се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | изработува техничка документација за главен колектор до пречистителна станица |
| 37 | Решавање на проблемот од комунална инфраструктура преку поврзување на нов колектор (исклучување од стар колектор) на потег зад градинка (Јоскова бавча). | 1 000 000,00 ден | Проектот е во тек на реализација:Се врши постепено приклучување на новиот колектор од страна на ЈП Комуналец |
| 38 | Ставање во функција на вирови Грамаѓе. | 230 000, 00 евра | Проектот е во тек на реализација:Обезбедени се финансиски средства од МЖСП како грант, се очекува да се отпочне со градежни работи наредната година |
| 39 | Осветлување на улицата Климент Охридски потег кантина-воен резервоар. | 300 000,00 ден | Проектот е во тек на реализација:со реконструкција на улицата ќе се решава и осветлувањето |
| 40 | Да се зголеми осветлувањето на главна улица од фурна Малеш кон долниот дел на градот и на потег обложувалница Моцарт кон населба Чука. | 1.700.000,00 ден | Проектот е делумнореализиран:Се работи на проблемот, во изминатиот период се изработи техничка документација за ул Св. Јоаким Осоговски за посочениот дел. |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ФОРУМСКИ ПРЕДЛОЗИ ОД ЛИСТАТА СО ПРЕПОРАКИ
## Буџетски форум 2023-2024

**Листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината и од оправдани причини неможеа да бидат вкучени во тој момент во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година.**

### 3. Предлози по Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | состојба 31.09.2024 |
|---|---|---|
| 1. | Плацови за градба-куќа за млади. | Во тек на реализација фокусот е на<br>Донесување на ДУП во кој ќе има нови локации за плацови |
| 2. | Изградба на двонасочна улица кон гимназија со цел да се растерети сообраќајот. | Во тек на реализација станува збор за поголема инвестициона активност.<br>истата ќе се реализира во фази,во тек е фаза 1 проектирање |